Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 32, 1 декември 2009 година

декември 2009 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент од наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во наставно-научно подрачје архитектура, урбанизам и планирање на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за група предмети од научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставници и соработници во сите звања за група предмети од електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 15

**РЕФЕРАТ** (издвоен) за избор на наставници и соработници во сите звања за група предмети од електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Здравствено и социјално осигурување“ од проф. д-р Јован Пејковски, наменет за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ АРХИТЕКТУРА, УРБАНИЗАМ И ПЛАНИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 132 став 1 до 5 од ЗВО на РМ („Службен весник на РМ”, бр. 35/2008, 103/2008 и 26/2009 година), а согласно на член 32, став 1 според Правилникот за единствени критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев» во Штип, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 21.10.2009 година донесе Одлука бр. 2202-183/3 со која нѐ именува за членови на Рецензентска комисијата за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати по Конкурсот, објавен на 1.10.2009 година во дневниот весник „Дневник”, за **избор (во сите звања)** за наставно-научно **подрачје архитектура, урбанизам и планирање** на Факултет за природни и технички науки.

По проучувањето на поднесената документација, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот Конкурс за избор во сите звања се пријави кандидатката д-р Катерина Деспот. Со својата пријава таа приложи:

- кратка биографија;
- научноистражувачка и наставна активност;
- список на објавени трудови;
- диплома за научен степен магистер по технички науки,
- диплома за научен степен доктор на науки.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Катерина Деспот** е родена на 6 ноември 1977 година. Средно образование, од 1992 до 1996 година, завршува во ДСУ за применета уметност „Лазар Личеновски” во Скопје, на насока Ентериер и мебел (ликовен техничар за ентериер и мебел). Во периодот од 1996 до 2001 година студира на Националната ликовна академија, Софија (Р. Бугарија) на Факултетот за применета уметност, Индустриски дизајн и се стекнува со звање **магистер по индустриски дизајн**. Во меѓувреме во периодот од 1999 до 2000 година на Националната ликовна академија, Софија (Р. Бугарија) на Факултетот за применета уметност, насока Педагошка, се стекнува со звање **наставник по ликовна уметност.**

Во период од 2002 до 2007 година на Националната ликовна академија, Софија (Р. Бугарија) на Факултетот за применета уметност, Индустриски дизајн се стекнува со звање **доктор по индустриски дизајн**.

Познавање на англиски јазик со сертификат од УСАИД, во 2006 година со оценка 82 (од можна 100).

Одлично познавање на бугарски, српски и хрватски јазик.

Одлично познавање на Microsoft Windows XP, Office XP (WORD, EXCEL, POWER POINT, OUTLOOK, ARCHICAD, AUTOCAD), Internet.

***Работна активност, научноистражувачка, наставна и стручна активност***

Кандидатката д-р Катерина Деспот има работна активност во „Бујото маркетинг М“ од 2001 до 2002 година како проектант на мебел, од 2004 до 2009 година како професор по ликовна уметност во Гимназијата „Мирче Ацев“ и во 2009 година како професор по ликовна уметност во ДСЕМУ „Ристе Ристески Ричко“ во Прилеп.

Кандидатката ги изработува и објавува следниве научни и стручни трудови:

1. Проектирање и исполнување на солариум, 2001 година, магистерски труд, Софија, Р. Бугарија;
2. Ликовно проектирање на мебел за седење, 2007 година, докторат по индустриски дизајн, Софија, Р. Бугарија;
3. Солариум за ского, јули 2001 година , Актуел;
4. Внимавајте на боите, октомври 2002 година, Актуел;
5. Спалната во домот, 2005 година, New Press;
6. Дизајнерска мисла во полза на хендикепирани лица, 2005 г., Мој дом;
7. Мебелот, 2005 г., Мој дом;
8. Лампата како момент за декорација, 2006 г., Дневник;
9. Сликите во домот, 2006 г., Шпиц;
10. Процес на создавање на делото, 2007 година, Ликовен живот.

**Учество на седум групни изложби:**

1. Модулна композиција, 1993 г., Музеј на Град Скопје;
2. Проект на библиотека, 1994 г., Музеј на Град Скопје,
3. Проект на стол, 1995 г., Музеј на Град Скопје;
4. Експонат на трпезариска маса, 1996 г., Музеј на Град Скопје;
5. Изложба на индустриски дизајн - стоматолошки стол, 1999 г., Шипка 1, Софија, Р. Бугарија;
6. Годишна изложба на дипломски работи, 2001 г., Шипка 1, Софија, Р. Бугарија;
7. Мртва природа, 2007 г., Прилеп

Две самостојни изложби на тема,
- Доминанта, 2007 г., Прилеп
- Комбинаторика, 2009 г., Прилеп.

**Модни ревии на тема:**

1. Современ костум изработен од отпадни материјали, 2005 г.;
2. Слободна тема, 2006 г.;
3. Новогодишни честитки, 2007 г.;
4. Мртва природа, 2008 г.;
5. Современи маски, 2009 г.

**Проекти:**

1. Сценографија-историја на уметноста-ренесанса;
2. Меѓународен карневал (1 место со Презерватив).

**Семинари:**

1. УСАИД - Образовни системи;
2. Уредување на ентериери - станбени и деловни објекти.

**Специјализација:**

1. Приватна академија на мода, Академика Италијана, 5.3.2006-2.5.2006 г., Фиренца, Италија

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Катерина Деспот, магистер по индустриски дизајн, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Интерна скрипта од предавање | | 8 | |
| Интерна скрипта од вежби | | 4 | |
| Научнопопуларна статија | | 8 | |
| Предавање | | 14 | |
| Статија во наставно-образовно списание | | 9 | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Докторска теза | | 8 | |
| Магистерска теза | | 4 | |
| Настап на самостојни изложби | | 6 | |
| Настап на групни изложби | | 14 | |
| Учесник во проект | | 4 | |
| Награди-признанија | | 10 | |
| Студиски престој | | 24 | |
| **Стручно-апликативна и организациско развојна (СА + ОР)** | | | |
| Техничко унапредување | | 6 | |
| Анализи, елаборати | | 2 | |
| Учество на стручен собир | | 2 | |
| ВКУПНО: | | **123** | |

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на погоре разгледуваните точки на овој Извештај, профилот на додипломските, постдипломските и докторските студии, објавените трудови, изложби, семинари и познавањето на кандидатот од областа на архитектурата, индустрискиот дизајн, ентериер и мебел, доволниот квантум на поени за избор во звање, Комисијата смета дека кандидатката д-р Катерина Деспот треба да биде избрана во наставничко звање.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата има чест да му предлажи на Наставно-научниот совет при Факултет за природни и технички науки во Штип **да ја избере д-р Катерина Деспот во звање доцент за наставно-научното подрачје архитектура, урбанизам и планирање, индустриски дизајн - ентериер и мебел.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Борис Крстев, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Таљо Груевски, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Делипетров, редовен професор, с.р.**